АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-1396/2
01.10.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16 и 11/18), а во согласност со член 11 точка 9 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 57/10, 36/11, 41/14 и 64/18) и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија бр.03-986/1 од 01.06.2015 година, бр.01-133/1 од 27.01.2016 година, бр.02-1609/2 од 30.09.2016 година и бр.01-670/1 од 04.06.2018 година, директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

## за унапредување на 1 (еден) административен службеник вработен во Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија

### Член 1

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

**1. УПР0101В04000 Помлад соработник административен асистент на директорот и заменикот на директорот, Одделение за општи и административни работи, Сектор за правни работи, меѓународна соработка и работа со економски промотори**

**1 извршител**

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

**Посебни услови**

- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Правни науки, Економски науки или Јавна управа и администрација
- со или без работно искуство во струката

**Општи работни компетенции**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- стратешка свест
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување

**Посебни работни компетенции**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време**

- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30
- Опис за работното време со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот

**Паричен нето износ на плата**: 21.283,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија кој ги исполнува општите и посебните услови пропишани во Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места на АСИПИРМ, како и да ги исполнуваат и следниве услови:

- Да е оцененет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- Да поминал најмалку 2 (две) години на тековното работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас.

Заинтерисираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, и освен во хартија може да биде испратена и електронски на следнава електронска адреса; hr.dept@investinmacedonia.com;

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:

- Потврди за успешно реализирани обуки и/или
- Потврди за успешно менторство.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 10 (десет) дена од денот на објавување на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од понатамошната постапка.

Скопје, 26.09..2018 година

**Агенција за странски инвестиции**
**и промоција на извозот**
**на Република Македонија**
**Директор**
Vullnet ADEMI

АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ПРИЈАВА
## за унапредување на административнен службеник преку ИНТЕРЕН ОГЛАС

1. Податоци за огласот:
   - Број на интерен оглас ----------------------------------------------------------------------------
   - Назив на работно место за кое се пријавува------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

2. Лични податоци за кандидатот:
   - Име -------------------------------------------------------------------------------------------
   - Презиме ----------------------------------------------------------------------------------------
   - Распореден на работно место ------------------------------------------------------------
   - Во сектор/одделение -----------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

   - Контакт телефон -------------------------------------------------------------------------------

3. Податоци за исполнување на посебните услови

-Степен на образование или стекнати кредити ----------------------------------------------

- Вид на образование -----------------------------------------------------------------------------

- Образовна институција ------------------------------------------------------------------------

- Насока -------------------------------------------------------------------------------------------------

- Податоци за работно искуство ---------------------------------------------------------------

4.Податоци за оценување (оцена) при последното оценување -------------------------------

5. Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавувањето на интерниот оглас ---------------------------------------------------------------------------------------------

6. Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас ------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.

Бр.--------------
-------- година

Административен службеник
Име и Презиме
----------------------------------------